Деловното планирање во туристичкото стопанство - теориски основи и можна примена во Република Македонија

# АПСТРАКТ


Овој труд претставува тоеретско и емпириско истражување на деловнато планирање, примарната функција на менаџментот во претпријатијата на туристичкото стопанство.

Поаѓајќи од специфичностите на туристичкиот пазар, како и крупните и несопирливи промени во сите свери на меѓународното окружување кои имаат силен одраз врз динамиката на понудата и побарувачката но овој пазар, деловното планирање е единственииот ефикасен и рационален начин претпријатијата на туристичкото стопанство да ја усогласуваат својата понуда со хетерогените и променливи барања на потрошувачите (туристите) а со тоа и единствена насока за нивниот раст и развој.

Концептот на деловно планирање вклучува формулирање на цели, деловна политика, стратегии, програми и планови. Со оглед на неговата сложеност а со цел да се согледа целината на планирањето, неговите составни елементи и односите кои треба да се воспостават меѓу нив, можат да се користат голем број концепциски модели на планирање што се познати во теоријата. Во таа насока, направен е обид да се даде предлог модел како општа концепциска рамка на деловното планирање која би можела да се примени во претпријатијата на туристичкото стопанство на Република Македонија.



Клучни зборови:
- туристички пазар
- туристички производ / услуга
- менаџмент
- деловно планирање
- цели на претпријатието
- деловна политика
- стратегии
- планови на претпријатието
- модел на деловно планирање